ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2093/2
30-10-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 40-та седница, одржана на 28.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

Пријавата со број 09-2093/1 од 01.06.2026 година, СЕ ОТФРЛА поради тоа што не содржи јасни и конкретни наводи за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на службената должност, поради што нема елементи за постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител е доставено барање за вршење инспекциски надзор над вработувања со несоодветно образование и прекубројно вработување по основ на партиска припадност и по принцип на непотизам од страна на актуелниот директор на ЈНУ ----------, проф.д-р ----------. Врз основа на барањето е оформен предметот со број 09-2093/1 од 01.06.2026 година.

Во пријавата се посочуваат повеќе лица и тоа за лицето ---------- се посочува дека бил вработен со несоодветно образование на работно место создадено специјално за него, кое не постоело во претходната систематизација на работни места и како такво воопшто не било потребно во Институтот, а по интервенција на владејачката партија. За лицето ----------, актуелен раководител на ----------, се наведува дека била примена по принцип на непотизам поради тоа што е ќерка на поранешен професор на --------- факултет во пензија, чиј студент бил актуелниот директор на Институтот. Понатаму, се наведува дека лицето ----------, вработен како ликвидатор на сметководство, кој бил

близок со директорот, си го вработил својот син на работно место виш лаборант. Исто така, се наведува дека професор доктор -------, сестра на поранешниот директор на живинарската фарма во Белимбегово, --------, го вработиле својот внук, односно син на работно место виш лаборант, иако не бил компетентен за тоа работно место. За лицето ---------, поранешен директор на институтот, се наведува дека ја вработил неговата ќерка на работно место виш лаборант и покрај тоа што немало потреба за вработување на тоа работно место.

Видно од пријавата е дека во истата не е наведен ниту конкретен временски период, ниту конкретни постапки за вработување, ниту конкретни дејствија на одговорните лица или други конкретни факти и околности врз основа на кои би можело да се укаже на евентуално искористување на службената положба и овластувањата за остварување корист за себе или за други лица, односно на постоење судир на интереси. Имајќи предвид дека пријавата е анонимна, Државната комисија не беше во можност да прибави дополнителни информации и податоци од подносителот.

Државната комисија оцени дека самото наведување на роднински, професионални или лични релации меѓу вработени лица и раководни лица или трети лица, како и изнесувањето општи тврдења за неоправданост на определени вработувања, без конкретни околности што би упатувале на коруптивно постапување или повреда на законските обврски од аспект на судирот на интереси, не претставува доволна основа за постапување во рамките на нејзините законски надлежности.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија оцени дека пријавата не содржи доволно конкретизирани наводи што би укажувале на постоење на сомневање за повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Претседател,
Адем Чучуљ

По заклучок на ДКСК,
Изработил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. – член на ДКСК